# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр. 08-331

Скопје 17.11.2023 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и $10^1$ од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-331 од 05.10.2023 г., Решението Уп1 бр.08-331 од 17.10.2023 г. за продолжување на рокот за одлучување по покрената постапка за одземање на дозвола, Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-4176/1 од 10.11.2023 г., и Предлогот Уп1 бр.08-331 од 14.11.2023 г., а согласно Заклучокот, арх.бр.02-4225/2 од 16.11.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 37-та седница одржана на 16.11.2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.08-64 од 05.01.2015 година, продолжена со Одлука, Уп1 бр.08-258 од 15.08.2023 година.

## Образложение

Советот на Агенцијата на 32-та седница одржана на 09.10.2023 г., со Заклучок арх.бр.02-3637/3 од 09.10.2023 г., го усвои предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, Уп1 бр.08-331 од 05.10.2023 г., и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, Уп1 бр.08-64 од 05.01.2015 г., продолжена со Одлука, Уп1 бр.08-258 од 15.08.2023 година, поради тоа што по извршениот вонреден програмски надзор, во Писмениот извештај арх.бр.10-3676/1 од 05.10.2023 г., беше констатирано дека радиодифузерот на 6-ти септември 2023 г., не обезбедил емитување на еден/единствен програмски сервис емитуван како целина од програми и други елементи на една единствена аудио медиумска услуга што е наменета за прием од страна јавноста на целата територија на Република Северна Македонија, со што го повредил член 68, а во врска со член 3 став 1 точка 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ).

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 09.10.2023 г. до горенаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-331 од 09.10.2023 г., за негово известување дека доколку веднаш не го усогласи работењето со ЗАВМУ, односно доколку не ги отстрани констатираните законски пречки за вршење на дејноста, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање

на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

Согласно член 83 став 3 од ЗАВМУ, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, односно во предметната покрената постапка најдоцна до 19.10.2023 година.

Меѓутоа, на 13.10.2023 г. Секторот за програмски работи до Директорот на Агенцијата достави Известување арх.бр.10-3676/2 од 13.10.2023 г. во кое беше наведено дека е потребно да се направи нов вонреден програмски надзор за да провери дали радиодифузерот ги отстранил законските пречки за вршење на дејноста и тоа преку компаративна анализа на структурата на програмата на програмскиот сервис на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип што се емитува преку повеќе фреквенции што ги користи радиодифузерот за да ја покрие целата територија на државата, што подразбира да се организира снимање, да се преслуша, анализира и соодветно да се регистрира секоја секунда од емитуваната програма. Самата компаративна анализа по добивањето на снимките од програмата, поради сложеноста, наведено е дека ќе трае многу подолго од другите програмски надзори што ги спроведува Агенцијата, така што надлежниот сектор извести дека нема услови овој надзор да се заврши пред рокот во кој Советот на Агенцијата треба да ја донесе одлуката по покренатата постапка.

По повод цитираното Известување, Директорот на Агенцијата до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.08-331 од 13.10.2023 г., за донесување решение за продолжување на рокот за одлучување по покрената постапка за одземање на дозволата. Во врска со тоа, од страна на Советот на Агенцијата на 33-та седница одржана на 16.10.2023 г., согласно Заклучокот бр.02-3741/2 од 17.10.2023 г., донесе Решение Уп1 бр.08-331 од 17.10.2023 г., за продолжување на рокот за одлучување по покрената постапка за одземање на дозволата, за не подолго од 30 (триесет) дена, поради сложеноста на предметот, односно спецификите на вонредниот програмски надзор кој треба да се изврши за да се провери дали радиодифузерот ги отстранил законските пречки за вршење на дејноста.

На 10.11.2023 г., Секторот за програмски работи до Директорот на Агенцијата достави Писмен извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-4176/1 од 10.11.2023 г., во кој меѓу другото е наведено дека на 19 октомври 2023 година, ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип емитувал еден/единствен програмски сервис како целина од програми и други елементи на една единствена аудио медиумска услуга наменета за прием од страна на јавноста преку сите три анализирани фреквенции што ги користи за покривање на подрачјето за кое му е доделена дозволата, како и дека ги отстранил законски предвидените пречки за вршење на дејноста, односно во целост постапил по Известување арх.бр.08-331 од 09.10.2023 г.

Следствено на сето горенаведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 бр.08-331 од 05.10.2023 г., Решението Уп1 бр.08-331 од 17.10.2023 г. за продолжување на рокот за одлучување по покрената постапка за одземање на дозвола, Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-4176/1 од 10.11.2023 г., и Предлогот Уп1 бр.08-331 од 14.11.2023 г., а согласно Заклучокот арх.бр.02-4225/2 од 16.11.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

медиумски услуги, на 37-та седница одржана на 16.11.2023 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;
- Управителот на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика и
- Назначените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.